ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА
NDËRMARRJES PUBLIKE RRUGË DHE RRUGICA
Бр.-Nr. 04-1668/1
26.04.2022 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

www.uip.gov.mk
ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА
Жиро сметки:
300000001198471 - Комерцијална банка АД Скопје
210045289640156 - Тутунска Банка АД Скопје
270045289840163 - Халкбанка АД Скопје
Даночен број : МК 4030992242532
Адреса:
ул. Коле Неделковски бр. 38
Телефон:
+389 2 3162 317
Е - маил:
info@uip.gov.mk

Врз основа на член 21 од Законот за работни односи и член 31 став 1 точка 15 од Статутот на ЈП Улици и патишта-Скопје,по објавениот Јавен оглас бр.02/2022 од 04.04.2022 година за вработување на помошно технички лица за работното место 4. КДР0401А01001 ВКВ Бравар во Одделение за машинобраварски работи, Сектор за механизација 2 (два) извршитела, в.д.Директорот на ЈП Улици и патишта-Скопје, ја донесе, следната

## ОДЛУКА

За избор на кандидат за склучување
Договор за вработување на неопределено време

Член 1

Од пријавените кандидати по Јавниот оглас бр.02/2022 година објавен во дневните весници ,,Нова Македонија,, ,,Вечер,, и ,,Коха,, како и на интернет страната на јавното претпријатие на ден 04.04.2022година за засновање на работен однос на неопределено време за работно место 4. КДР0401А01001 ВКВ Бравар во Одделение за машинобраварски работи, Сектор за механизација 2(два) извршитела, се избира кандидатот:

1. **Рахим Ѓуреци**

Член 2

Изборот на кандидатот е извршен во согласност со Правилникиот за систематизација на работни места во ЈП Улици и патишта-Скопје и Записник бр.04-1609/1 од 19.04.2022 година од спроведена административна селекција од страна на Комисијата за селекција, а врз основа на приложената документација кон Пријавата за Јавен оглас од страна на кандидатот од која е утврдено дека во целост ги исполнува бараните услови.

Член 3

Избраниот кандидат ќе заснова работен однос на ден 04.05.2022 година, со потпишување Договор за вработување помеѓу работникот и работодавачот.

Член 4

Одлуката за избор да се достави до кандидатите кои аплицирале на јавниот оглас за ова работно место и на интернет страницата на јавното претпријатие.

Член 5

За спроведување на Одлуката се задолжува одделението за човечки ресурси.

www.uip.gov.mk
ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА
Жиро сметки:
300000001198471 – Комерцијална банка АД Скопје
210045289640156 – Тутунска Банка АД Скопје
270045289640163 – Халкбанка АД Скопје
Даночен број : МК 4030992242532
Адреса:
ул. Коле Неделковски бр. 38
Телефон:
+389 2 3162 317
Е - маил:
info@uip.gov.mk

# Образложение

Со Одлука бр.04-1231/1 од 30.03.2022 година, донесена од страна на в.д.директорот на ЈП Улици и патишта-Скопје,распишан е Јавен оглас бр.02/2022 за прием на 2(два) извршитела за работно место 4. КДР0401А01001 ВКВ Бравар во Одделение за машинобраварски работи, Сектор за механизација Јавниот оглас бр.02/2022 беше објавен на ден 04.04.2022 година, во дневните весници Нова Македонија,Вечер и Коха како и на интернет страницата на јавното претпријатие.
На јавниот оглас за ова работно место пријава поднеле 2(два) кандидата.
Комисијата за селекција на кандидати по јавниот оглас 02/2022 за вработување на помошно технички лица на неопределено време на ден 19.04.2022 година, изврши административна селекција на документите на кандидатите кои поднеле пријава за ова работно место, при што утврди дека пријавата на избраниот кандидат е уредна.
За извршената селекција на кандидати Комисијата изготви записник бр.04-1609/1 од 19.04.2022 година.
Врз основа на горе наведеното в.д.директорот одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

**Правна поука:**Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Управен одбор на ЈП Улици и патишта во рок од 8(осум) дена, од денот на приемот на Одлуката.

Д-но
-кандидатите
-одделение за управување со човечки ресурси
-архива

Изготвил
Марина Давчевска

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА RRUGË DHE RRUGICA СКОПЈЕ-SHKUP NDËRMARRJES PUBLIKE

в.д Директор
Борис Настов